Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување
со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim
me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup

Бр.-Nr. 02-537/1

07.02 20 25 год.-viti

СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 20, член 25 и член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РС Македонија бр. 101/19), во врска со поднесеното барање преку е-пошта од 28.01.2025 година од Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации, бул. „Кочо Рацин", бр. 26-1/2, Скопје, преку полномошник Сабина Факиќ, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (како имател на информации) го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

**СЕ ПРИФАЌА** барањето од Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации бул. „Кочо Рацин", бр. 26-1/2, Скопје, преку полномошник Сабина Факиќ за пристап до информации од јавен карактер.

Му се овозможува на барателот Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации бул. „Кочо Рацин", бр. 26-1/2, Скопје, преку полномошник Сабина Факиќ да се запознае со содржината на бараната информација со препис во истата.

## Образложение

Барателот на информацијата - Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации бул. „Кочо Рацин", бр. 26-1/2, Скопје, преку полномошник Сабина Факиќ на ден 28.01.2025 година до Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје поднесе барање со кое ги бараат следните информации од јавен карактер:

- Листа на доделени донации и спонзорства од страна на вашето претпријатие во периодот од 01.01.2022-31.12.2024 година со податоци за:
  - Субјектот-примател на донацијата/спонзорството,
  - Предмет на донацијата/спонзорството,
  - Вредноста на донацијата/спонзорството,
  - Датум на доделување на донацијата/спонзорството,
  - Целта на донацијата/спонзорството?
- Како е извршен изборот на субјекти-примател на донации и спонзорства во периодот од 01.01.2022-31.12.2024 година?
- Кој ја носи одлуката за доделување на донации и спонзорства во претпријатието?
- Дали имате интерен акт (правилник, процедури или др.) за доделување на донации и спонзорства? (доколку имате, ве моливе доставет ни го/ги)
- Дали и каде се јавно објавени листите на доделени донации и спонзорства од страна на вашето претпријатие?

Информацијата ја бараат во фотокопија. по е-маил.

**ПРИЛОЗИ:**

Прилог 1 – одговор на бараните прашања
Прилог 2 – Правилник за утврдување на условите, критериумите и постапката за доделување на средства во врска со Декларацијата за општествена одговорност на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје, УО бр. 02-7455/7-2.1 од 01.12.2017 година
Прилог 3 – Декларација за општествена одговорност на АД МЕПСО, Скопје, УО бр. 02-7455/7-1.1 од 01.12.2017 година

Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје по разгледување на барањата одговори позитивно и смета дека бараните податоци се од јавен интерес.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение барателот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје**
**Генерален директор,**
**Доц. д-р Бурим Љатифи**

Службени лица за посредување со ИЈК
Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски

Д-но
- Барател
- Службени лица за посредување со ИЈК
- Архива